РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација
на високото образование
Бр. 15-380/14
15.05.2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13 и 24/13), Одборот за акредитација и евалуација на високото образобание на РМ, на својата 23. седница одржана на 30.10.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на нова единица „Воздухопловен колеџ", нова студиска програма „Воздухопловно инженерство", прв циклус тригодишни студии на МИТ Универзитет во Скопје**

1. Се акредитира нова единица **„Воздухопловен колеџ",** нова студиска програма **„Воздухупловно инженерство", прв циклус тригодишни студии** на МИТ Универзитет во Скопје согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од три години (шест семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС и со звање: **Дипломиран инженер по воздухопловство,** научно-истражувачко подрачје: Воздухопловни науки, научна област: Воздухопловни, машински и електротехнички науки.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на претходно донесената одлука на Наставно - научниот совет на МИТ Универзитет за организирање тригодишна студиска програма "Воздухопловно инженерство" и одлуката на Универзитетскиот сенат на МИТ Универзитет за усвојување на таа студиска програма, МИТ

Универзитетот на 28.12.2012 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог, а на 31.01.2013 година достави елаборат за прифаќање и акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото обвразование во РМ, на својата 16 седница одржана на 24.01.2013 година, формира експертска комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на оценката на доставениот елаборат и извештајот на експертската комисија, на својата 23. седница одржана на 30.10.2013 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Заменик претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Проф. д-р Миколај Кузиновски